**ЗАПИСНИК**
**од 70 седумдесеттата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 јули 2025 година (четврток)**

Седумдесеттата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 24 јули 2025 година (четврток), со почеток во 10.20 часот, во просториите на Универзитет Скопје (Универзитет за туризам и менаџмент).

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 19 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Благица Цветановска, Давор Грче, Предраг Станковски, Убавица Игнатоска, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Невена Георгиевска и Татјана Стојановска.

Оправдано отсутни членови на Советот се: Христо Саракинов, Гордана Ивановски Велковска и Дејан Лазаревски.

На 70. (вонредна) седница присуствуваше и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Претседателот на Советот, согласно член 40 од Законот за локалната самоуправа, член 16 и член 19 од Статутот на Општина Карпош и член 60, став 3 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 70. (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот ја образложи оправданоста за свикување на вонредната седница и ги наведе причините за свикување на вонредна седница. Имено во дописот е образложено дека итноста произлегува поради склучените договори на локалната самоуправа со Владата на РСМ на 17.07.2025 година кои се однесуваат на одобрени финансиски средства за реализација на конкретни проекти на Општината.

Претседателот ја стави на гласање оправданоста за свикување за седумдесеттата (вонредна) седница

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е изгласана оправданоста за свикување на седумдесеттата (вонредна) седница.

За работа на Советот на оваа седница Претседателот на Советот го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД:**

1. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2025 година**
2. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**
3. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година**
4. **Предлог-План за изменување и дополнување на План на програми за развој на Општина Карпош за 2025 година**
5. **Предлог – Буџет за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**
6. **Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година**
7. **Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување**
8. **Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Исуф Ибраими**
9. **Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Куртиш Ибраими**
10. **Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Сафет Сулејмановски**
11. **Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Гашире Гушани**

Претседателот на Советот помина на расправа по точките

1. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2025 година**

Претседателот отвори расправа по точката

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ,** е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2025 година

**2. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот отвори расправа по точката

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 12 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ**, е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година

3. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година**

Претседателот отвори расправа по точката

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 12 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ**, е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година

**4. Предлог-План за изменување и дополнување на План на програми за развој на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот отвори расправа по точката

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ**, е усвоен План за изменување и дополнување на План на програми за развој на Општина Карпош за 2025 година

5. **Предлог – Буџет за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот отвори расправа по точката

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска посочи дека во Буџетот има зголемување за 12.000.000 денари за покачување на плати од по 5.000 денари за службениците.
Компарација направи со другите Општини. Смета дека не треба да намалуваат средства од другите програми тоес средства од јавен интерес за зголемување на платата.

Збор зема од секторот за финансии Мирјана Ѓеорѓиевска потребата за донесување на оваа Одлука за Изменување и дополнувања на Буџетот на Општината Карпош за 2025 година, произлезе од доделувањето на средства со Одлука на Влада на РСМ во износ од **88.414.953,** 00 денари кои се однесуваат за капитални инвестиции на територијата на општината како и зголемен данок на додадена вреднос за износ од **30.319.000,00** денари.

Мирјана Ѓеорѓиевска ги образложи измените во Буџетот испратени на членовите на Совет во материјалите за седница.

Ѓеорѓиевска даде одговор на поставено прашање од членот на Советот Татјана Стојановска посочи дека не може другите Општини да имаат поголеми плати вредноста на бодот е ист 86,1. Зголемување од страна на Владата ќе биде само за министерствата но не и за локалната власт

Реплика во однос на сумите каде што се намалувале посочи дека таму се предвиделе повеќе средства и поради тоа таму каде што остануваат средства тие се повлекуваат од програмите.
Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска посочи дека иницијативата потекнува од УПОЗ и како Општина се потпишува само анекс на колективниот договор. Тие се грижат за работничките права и стандардот на работниците.
Збор зема членот на Советот Благица Цветановска со прашање колку проекти има реализирано Општина Карпош со самофинансирање.
Збор зема претседателот Бранко Ристов посочи дека анексот на колективен одговор е одлука на синдикатот. Околу средствата секогаш се предвидуваат повеќе. Кратење на средства во програмите нема.
Збор зема од службите Богданка Мучева се обрати до Татјана Стојановска рушењето на дивоградбите се предвидени за 2025 година.

Збор зема членот на Советот Невена Георгиевска. Синдикатот е за вработените во администарација како донеле заклучок и потпишале кога сеуште не е донесена Одлука.

Збор зема Градоначалникот посочи дека сите Општини го потпишале овој колективен договор. Податоците кои ги читале од фонд за пензинско во тој дел се гледа и колку стаж има вработениот па поради тоа има разлика во платата. Закони постојат и во било која општина да работат ќе имаат иста плата службениците. Мора квалитетни луѓе да работат. Услугите во Општина Карпош се најефикасни за жителите на Општина Карпош кои во најбрз можен рок ги решаваат зададените задачи.

Се разви дискусија помеѓу членовите на Советот и Градоначалникот

Претседателот пред да ја стави на гласање точката посочи дека ќе има измени во Буџетот во делот за рушење на дивоградби и ставка за бунари.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ**, е усвоен Буџетот за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година

**6. Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година**

Претседателот отвори расправа по точката

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 13 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН**, е усвоен Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година

Претседателот повика на пауза за координација.

По паузата се продолжи со седницата.

**7. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување**

Претседателот отвори расправа по точката

Збор зема Тања Гишев од секторот на детската, социјалната и здравствената заштита во врска со барањето за финансиски средства мајката го поднесува барањето, девојчето е повредено во пожарот во Кочани. Мајката има дуќан но поради лечење на ќерката дуканот не функционира и поради тоа нема никакви приходи. Девојчето ќе има понатаму интервенции. Па поради тоа барањето се проформулира како за лекување. Предвидени се 150.000 денари.

Збор зема членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска побара да се зголеми сумата на 200.000 денари.

Од службите посочија дека во координација со барателот толку средства се побарани.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 18 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ**, е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување

**8. Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Исуф Ибраими**

Претседателот отвори расправа по точката

Збор зема членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска посочи дека има неколку дилеми околу овие Одлуки со забелешка дека нема многу материјали како доказ за штетата. Постави прашање дали се легализирани куќите бидејќи за да имаат основ да доделат средства мора да имаат легализирани куќи барателите. На еден од барателите адресата не е соодветна со личната карта и не се води каде што е локација за побараната помош.

Предлог од страна на Градоначалникот за финансиска средства како помош за санација на опожарена куќа е 300.000 денари

Збор зема Тања Гишев одговори на прашањата посочи дека
-Куќата на Исуф Ибраими не е легализаирана тој бил одбиен.
-Куртиш Ибраими чека за легализација која е поднесена во 2018 година.
-Сафет Сулејмановски има легализирана куќа.
-Гашире Гушани има легализирана куќа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 10 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ**, не е усвоена Предлог- Одлуката за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Исуф Ибраими

**9. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Куртиш Ибраими**

Претседателот отвори расправа по точката

Предлог од страна на Градоначалникот за финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа е 40.000 денари

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ**, е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Куртиш Ибраими

**10. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Сафет Сулејмановски**

Претседателот отвори расправа по точката

Предлог од страна на Градоначалникот за финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа е 300.000 денари

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 18 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ**, е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Сафет Сулејмановски

**11. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Гашире Гушани**

Претседателот отвори расправа по точката

Предлог од страна на Градоначалникот за финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа е 300.000 денари

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 17 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН**, е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Гашире Гушани

Претседателот на Советот ја затвори 70. (вонредна седница) на Советот на Општина Карпош која заврши во 12:15 часот.

Изработил: Виолета Андреевска

**Број: 09-8571/6**
**Датум: 26.08.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**